# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.39 од 22.03.2012 година**

**Член 1**

Во Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" број 161/2009, 17/11, 47/11 и 136/11), во членот 5 точка 1 потточка а) зборовите: „садови и прибор за јадење" се заменуваат со заборовите: "чинии и чаши".

Во точката 13 алинејата 7 се менува и гласи:

„ - правно лице за постапување со отпад од пакување е правно лице основано од производители со цел за исполнување на обврските од членот 17 од овој закон, кое има добиено дозвола за постапување со отпад од пакување согласно со членот 21 став (2) од овој закон, и кое реализираната добивка ја користи за исполнување на обврските од членот 17 од овој закон и".

**Член 2**

Во членот 21 ставот (1) се менува и гласи:

„Правното лице за постапување со отпад од пакување може да постапува со отпад од пакување во име и за сметка на производителите доколку има обезбедено договори за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со производители кои заедно пуштаат на пазар или увезуваат во Република Македонија најмалку 15% но не повеќе од 51% од примарното, секундарното и терцијалното пакување во текот на една година и да поседува дозвола од ставот (2) на овој член."

Во ставот (2) точката 2 се брише.

Точките 3, 4 и 5 стануваат точки 2, 3 и 4.

Во точката 6 која станува точка 5 процентот „10%" се заменува со процентот „5%".

Точките 7, 8 и 9 стануваат точки 6, 7 и 8.

**Член 3**

По членот 40-а се додава нов член 40-б, кој гласи:

**"Член 40-б**

Обврска за начинот на пресметување, уплатување како и за водење на евиденција за пресметаниот и уплатениот надоместок

(1) Производителот кој пушта на пазар спакувани стоки и производителот кој како краен корисник увезува спакувани стоки (во натамошниот текст: обврзникот) е должен надоместокот од членот 40 став (2) од овој закон навремено и правилно да го пресметува и уплатува како и да води, одржува и чува уредна и точна евиденција за пресметаниот и уплатен надоместок.

(2) Врз основа на евиденцијата од ставот (1) на овој член, обврзникот составува и на секои три месеци доставува до стручниот орган пресметка за уплатениот надоместок на посебен образец.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот за финасии ги пропишува начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на образецот од ставот (2) на овој член."

**Член 4**

По членот 44-б се додава нов член 44-в, кој гласи:

**„Член 44-в**

Надзор на пресметан и уплатен надоместок

(1) Надзор на пресметаниот и уплатениот надоместок, ослободување од плаќање на надоместокот, како и за почитување на роковите за уплатување на надоместоците ги врши Државниот инспекторат за животна средина преку државните инспектори за животна средина.
(2) За извршениот надзор од ставот (1) на овој член државниот инспектор за животна средина донесува решение.
(3) Против решението од ставот (2) на овој член незадоволната страна има право да изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(4) Во случај кога со решение од ставот (2) на овој член, кое е конечно во управна постапка, е утврдено враќање на платениот надоместок, државниот инспектор за животна средина е должен решението да го достави до Министерството за финансии заради негова реализација.
(5) Во случај кога со решението од ставот (2) на овој член, кое е конечно во управна постапка, е утврдено дека обврзникот треба да плати надоместок, државниот инспектор за животна средина е должен решението да го достави до обврзникот.‟

**Член 5**

Во членот 46 став (1) точка 22 по зборовите: „со член 30‟ се додаваат зборовите: „ставови (1) и (2)‟.

**Член 6**

Во членот 47 став (1) точка 26 по зборовите: „со член 30 ‟ се додаваат зборовите: „ставови (1) и (2)‟.

**Член 7**

Во членот 50 став (1) точка 2 сврзникот „и‟ се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 3, која гласи:
„3) да врши увид и да утврди дали трговецот кој истовремено е и последен доставувач за спакуваната стока која ја продава постапува согласно со членот 30 став (3) од овој закон и‟.
Точката 3 станува точка 4.

**Член 8**

Во членот 51 став (1) точка 2 сврзникот ‶и‟ се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 3, која гласи:
‶3) ќе ја ограничи или забрани работата на трговецот доколку не постапува согласно со членот 30 став (3) од овој закон во траење од најмногу 30 дена во кој рок треба да ги отстрани причините за настанатата состојба и‟.
Точката 3 станува точка 4.

**Член 9**

Во членот 64 став (6) датата ‶1 јануари 2012 година‟ се заменува со датата ‶1 септември 2012 година‟.

**Член 10**

Прописот од членот 40-б став (3) утврден во членот 3 од овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 11**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".